## ПРИВАТНА СВИРКА ЗА 3 МИЛИОНИ ДОЛАРИ



Латино ѕвездата Џенифер Лопез заработи хонорар од три милиони долари откако ја прифати поканата на рускиот милијардер Мелниченко 40 минути да пее на роденденската забава на неговата сопруга Александра. 35-годишниот банкар ѝ платил на Лопез да дојде на неговиот имот во Велика Британија, во Беркшир, и да пее на забавата. Освен Лопез, гостите ги забавувале и кабаретски и циркузантски уметници. Александра и Андреј Мелниченко се венчаа пред две години, а на нивната свадба настапи Кристина Агилера.



## СКАРЛЕТ ЈОХАНСОН ГО "БАКНАЛА" ПОДОТ



Скарлет Јохансон (22) била гостинка во ток шоу емисијата "Saturday Night Live". Пред влезот во њујоршкото студио артистката ја чекале многу фотографи. Скарлет се појавила заедно во придружба на помошничката и на телохранителот, а преку лицето носела црна капа. Сакајќи да се скрие се затрчала кон автомобилот. На втората скала се лизнала, бидејќи носела високи потпетици и го "бакнала" подот. Помошничката ја кренала и ѝ помогнала да влезе во автомобилот.



